АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија во првиот квартал од 2016 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

Со состојба на 31.3.2016 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 15 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 4 осигурување на живот). Бројот на осигурително брокерските друштва во 1К2016 година во споредба со 2015 година се зголеми за 1 ново друштво (Џокер Инс Брокер АД Гевгелија) со што вкупниот број на осигурително брокерски друштва е 31. Бројот на друштвата за застапување и банки остана непроменет, односно во текот на 1К2016 на пазарот на осигурување вршат работи на застапување во осигурување 13 друштва за застапување и 3 банки.

Во 1К2016 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 2,14 милијарди денари, што претставува пад од 0,17% во однос на БПП остварена во 1К2015 година (1К2015: 2,15 милијарди денари).

Во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 1,9 милијарди денари (1К2015: 1,95 милијарди денари), или истата изнесува 88,79% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пад од 2,39% во споредба со 1К2015 година.

Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 240,4 милиони денари (1К2015: 197,40 милиони денари), што претставува зголемување од 21,79%. Осигурувањето на живот учествува со 11,21% во вкупната БПП на осигурителниот сектор.

Во вкупната остварена БПП во 1К2016 година најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 46,42% (1К2015: 42,96%), при што осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) учествува со 37,25% (1К2015: 34,39%), а доброволното осигурување на моторни возила (каско) со 9,17% (1К2015: 8,58%). Потоа, следува осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 23,41% (1К2015: 30,11%), и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од 9,84% (1К2015: 9,53%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на пораст на премијата за автоодговорност од 8,14% со БПП 798,47 милиони денари, осигурувањето од незгода од 3,13% со БПП 211,01 милиони денари и каско осигурувањето од 6,78% со БПП 196,69 милиони денари. Кај осигурувањето на имот се забележува пад од 22,40% на вкупната БПП која изнесува 501,80 милиони денари. Исто така, пад од 18,35% е остварен и кај осигурувањето на туристичка помош со БПП 71,04 милиони денари.

Во периодот 1.1.2016-31.3.2016 склучени се 251.821 договори при што се забележува пораст од 10,52% во однос на 1К2015 кога беа склучени 227.854 договори. По класи на осигурување зголемување од 21,32% бележи осигурувањето од незгода, осигурувањето на живот со 16,57%, потоа следи осигурувањето од автомобилска одговорност со 9,64% и каско осигурувањето со 3,15%. Од друга страна пак, кај осигурувањето на имот и осигурувањето на туристичка помош се забележува пад на склучените договори при истовремено зголемување на БПП. (Табела 1)

**Табела бр.1:** Бруто полисирана премија и број на склучени договори

| | Бруто полисирана премија (во 000 МКД) | | | Број на склучени договори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1К2016** | **1К2015** | **промена** | **1К2016** | **1К2015** | **промена** |
| АО (вкупно) | 798.470 | 738.394 | 8,14% | 143.539 | 130.922 | 9,64% |
| Имот вкупно | 501.804 | 646.671 | -22,40% | 22.749 | 20.869 | 9,01% |
| Живот | 232.718 | 197.396 | 17,89% | 1.472 | 1.497 | -1,67% |
| Незгода | 211.014 | 204.610 | 3,13% | 89.268 | 73.579 | 21,32% |
| Каско моторни возила | 196.691 | 184.201 | 6,78% | 10.348 | 10.032 | 3,15% |
| Општа одговорност | 71.037 | 67.121 | 5,83% | 9.124 | 7.067 | 29,11% |
| Туристичка помош | 33.884 | 41.501 | -18,35% | 62.568 | 54.212 | 15,41% |
| Каско воздухоплови | 30.378 | 29.680 | 2,35% | 2 | 1 | 100,00% |
| Здравствено | 30.160 | 784 | 3746,94% | 540 | 14 | 3757,14% |
| Карго | 19.979 | 17.787 | 12,32% | 635 | 567 | 11,99% |
| Осиг. на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 7.689 | 0 | 100,00% | 273 | 0 | 100,00% |
| Финансиски загуби | 7.239 | 16.724 | -56,71% | 417 | 35 | 1091,43% |
| Одговорност воздухоплови | 2.471 | 2.068 | 19,49% | 5 | 7 | -28,57% |
| Гаранции | 199 | 371 | -46,36% | 74 | 62 | 19,35% |
| Одговорност пловни објекти | 87 | 92 | -5,43% | 24 | 23 | 4,35% |
| Каско пловни објекти | 0 | 10 | -100,00% | 0 | 1 | -100,00% |
| **ВКУПНО** | **2.143.820** | **2.147.410** | **-0,17%** | **251.821** | **227.854** | **10,52%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

Друштвата за осигурување во текот на 1К2016 година исплатиле бруто - износ на штети од 752,32 милиони денари. Во споредба со 1К2015 година бруто исплатените штети бележат намалување од 7,95% (1К2015: 817,29 милиони денари). Истовремено, бројот на ликвидирани штети се зголемил за 11,70% во однос на 1К2015. (Табела бр.2)

**Табела бр.2:** Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| | Бруто исплатени штети (во 000 МКД) | | | Број на ликвидирани штети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1К2016** | **1К2015** | **промена** | **1К2016** | **1К2015** | **промена** |
| АО (вкупно) | 409.405 | 396.305 | 3,31% | 6.734 | 5.984 | 12,53% |
| Незгода | 106.747 | 101.905 | 4,75% | 2.216 | 1.854 | 19,53% |
| Каско моторни возила | 100.397 | 92.423 | 8,63% | 1.904 | 1.697 | 12,20% |
| Имот вкупно | 77.958 | 120.774 | -35,45% | 1.725 | 1.705 | 1,17% |
| Живот | 41.365 | 24.187 | 71,02% | 399 | 321 | 24,30% |
| Туристичка помош | 12.527 | 10.260 | 22,10% | 656 | 659 | -0,46% |
| Општа одговорност | 2.167 | 70.640 | -96,93% | 60 | 50 | 20,00% |
| Карго | 1.646 | 486 | 238,68% | 25 | 6 | 316,67% |
| Здравствено | 83 | 182 | -54,40% | 6 | 10 | -40,00% |
| Финансиски загуби | 22 | 5 | 340,00% | 9 | 8 | 12,50% |
| Одговорност воздухоплови | 7 | 0 | 100,00% | 0 | 0 | 0,00% |
| Каско пловни објекти | 0 | 119 | -100,00% | 0 | 1 | -100,00% |
| **ВКУПНО** | **752.324** | **817.286** | **-7,95%** | **13.734** | **12.295** | **11,70%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

На крајот на првиот квартал од 2016 година, во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 5. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 16,89% (1К2015: 16,42%), Осигурување Македонија со 12,81% (1К2014: 11,72%), Евролинк со 13,48% (1К2015: 18,10%), Винер со 12,42% (1К2015: 11,80%) и Уника со 11,40% (1К2015: 11,11%(. Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроациа живот со 45,60% (1К2015: 41,28%) и Граве со 33,99% (1К2015: 44,55%).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 49,20%. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се осигурително брокерските друштва со 50,11%, додека пак кај неживотното осигурување најзначаен канал е директната продажба со 52,59% (табела бр.3).

**Табела бр.3:** Структура на канали на продажба по групи на осигурување

| 1К2016 | неживот | | живот | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество |
| Директна продажба | 1.000.912 | **52,59%** | 53.798 | 22,38% | 1.054.710 | **49,20%** |
| Осиг. брокерски друштва | 414.928 | 21,80% | 120.445 | **50,11%** | 535.373 | **24,97%** |
| Друштва за застапување во осиг. | 168.356 | 8,84% | 24.340 | 10,13% | 192.696 | **8,99%** |
| Туристички агенции | 6.475 | 0,34% | 0 | 0,00% | 6.475 | **0,30%** |
| Автосалони | 1.548 | 0,08% | 0 | 0,00% | 1.548 | **0,07%** |
| Банки | 6.124 | 0,32% | 13.263 | 5,52% | 19.387 | **0,90%** |
| Застапници во осигурување | 305.047 | 16,03% | 28.522 | 11,87% | 333.569 | **15,56%** |
| Останати дистрибутивни канали | 24 | 0,00% | 0 | 0,00% | 24 | **0,00%** |
| **Вкупно** | **1.903.414** | **100,00%** | **240.368** | **100,00%** | **2.143.782** | **100,00%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

На крајот на првиот квартал од 2016 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,67 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,27 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,86 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 186,3 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,47 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-31.3.2016 година осигурителниот сектор оствари добивка по оданочување во износ од 98,69 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 8 друштва остварија добивка во износ од 109,29 милиони денари, додека пак 3 друштва остварија загуба во износ од 23,85 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија добивка во износ од 13,26 милиони денари, и тоа три друштва остварија добивка од 15,85 милиони денари, а едно друштво прикажа загуба во износ од 2,59 милиони денари.

Со состојба на 31.3.2016 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 6,19

милијарди денари и покриваа 108,86% од техничките резерви кај овие друштва. Кај друштвата коишто работат осигурување на живот, пак, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 31.3.2016 година изнесуваат 2,94 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 102,00%.

Во 1К2016 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (50,77%), депозити во банки (41,59%), удели во инвестициски фондови (4,31%), акции (0,98%) и во хартии од вредност со седиште на издавачот во во ЕУ или ОЕЦД (2,36%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (77,02%), банки (22,13%), инвестициски фондови (0,11%) и во други финансиски инструменти (0,74%).